**Итно ! Итно ! Итно !**

**Д О: КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
ул. „Даме Груев“ бр. 1 – 1000 Скопје
тел. 02/3 232-368 | contact@kszd.mk | www.kszd.mk

**П О Д Н О С И Т Е Л: ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА**
[ВО СВОЈСТВО НА ОШТЕТЕНА ОПОЗИЦИСКА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА]
Седиште: ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1 – Општина Центар, 1000 Скопје
ЕМБС: 7108192 | ЕДБ 4044016512070
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729
*застапувана од **проф. д-р Димитар Апасиев – претседател**

Врз основа на членот 24 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991); чл. 3, ст. 1 од *Законот за постапување по претставки и предлози* (Сл. весник на РМ бр. 82/2008 и 56/09, 13/13, 156/15, 193/15, 208/24); чл. 23, ст. 1 од *Законот за спречување и заштита од дискриминација* (Сл. весник на РМ бр. 258/2020) – ја поднесуваме ова наша итна и ургентна специјална

# П Р Е Т С Т А В К А
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
## (СО ПОСЕБНО БАРАЊЕ ЗА AMICUS CURIAE)

**П Р О Т И В: АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
*__Совет на АВМУ__ – Претседател: Сашо Стефановски
*__Директор__: Зоран Трајчевски – овластено лице
ул. „Македонија“ бр. 38 (Палата „Панко Брашнаров“) – 1000 Скопје
тел. 02/3103-400 | www.avmu.mk | contact@avmu.mk
ЕМБС: 5171440 | ЕДБ: 4030997339003

**О С Н О В: <u>УТВРДУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ГРУПНА ПОЛИТИЧКА ДИСКРИМИНАЦИЈА</u>**

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070|ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

# ***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

***Политичката партија Левица***, како активен чинител на граѓанското општество (англ. *civil society*) има правен статус на **непрофитна организација**.[1] Легално е формирана во 2016 година и регистрирана во Единствениот судски регистар на политички партии кој го води Основниот граѓански суд – Скопје. Досега е усогласена, односно пререгистрирана два пати (2020 и 2024 год.), поточно на секои четири години, согласно *Законот за политичките партии* (2004), како lex specialis, и во базата има пристапници од преку 12.000 членови

Доказ 1: *Решение на ОГС-Скопје за упис во Судскиот регистар за политички партии РПП бр. 2/16* (25.02.2016) – судија-поединец: Ирена Костадинова Ангелова

Доказ 2: *Статут на Политичката партија Левица – Пречистен текст* (2023)

Доказ 3: *Решение на ОГС-Скопје за усогласување на ПП Левица со ЗПП - РПП бр. 5/20* (11.02.2020) – судија: Ирена Костадинова Ангелова

Доказ 4: *Решение на ОГС-Скопје за усогласување на ПП Левица со ЗПП - РПП бр. 2/24* (12.01.2024) – судија: Ирена Костадинова Ангелова

Доказ 5: *Потврда од ОГС Скопје за упис во регистар ЕРПП-1142016* (26.08.2025) – судија: Сузана Дончевска

На последните редовни ***Парламентарни избори 2024 година***, ПП Левица освои скоро 70.000 гласови од избирачите, односно **шест пратеника** кои формираа своја пратеничка група во парламентот, согласно *Деловникот на Собранието на РСМ* (Сл. весник на РМ бр. 248/2023) и делуваат во опозиција.[2]

---

[1] „Политичката партија е **доброволна организација на граѓани**, формирана за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта. Политичките партии своите цели ги остваруваат преку демократско формирање и изразување на политичката волја со учество на избори, како и на друг демократски начин“ [чл. 2 од *Законот за политичките партии* (Сл. весник на РМ бр. 76/2004 и 5/07, 8/07, 57/07, 60/07, 60/07, 5/08, 23/13, 236/22)].

„Политичките партии се **непрофитни организации**“ [чл. 3, ст. 1 од *Законот за финансирање политички партии* (Сл. весник на РМ бр. 76/2004 и 36/06, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13, 140/18, 294/20)] + „Политичките партии го водат сметководството според одредбите на *Законот за сметководството за непрофитните организации*“ [чл. 23, ст. 3 од ЗФПП].

[2] „'**Опозицијата**' ја сочинуваат политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови“ [чл. 2, ст. 1, т. 10 од *Изборниот законик* (Сл. весник на РМ бр. 40/2006 и 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24, 116/25)].

Доказ 6: *Заклучок бр. 08-26771 на Државната изборна комисија за објавување на конечни резултати и распрелеба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република С. Македонија од спроведените Избори за пратеници во Собранието на РСМ одржани на ден 08.05.2024 год.* (18.05.2024)

Доказ 7: *Допис до претседателот на Собранието на РМ Африм Гаши за основање на Пратеничка група на Левица* – со „Известување за определување координатор и заменици-координатори“ бр. 08-2768/1 (3.06.2024)

По распишувањето на редовните овогодинешни ***Локални избори 2025 година***, ПП Левица се стекна со статус на потврден **учесник во изборниот процес**,[3] со издаден ЕДБ и ЕМБС од страна на Централниот регистар на РМ, отворена посебна изборна сметка во Комерцијална банка и со правосилно решение од страна на Државната изборна комисија (скр. ДИК) и Општинските изборни комисии (ОИК) во оние места каде што Партијата поднесе свои кандидатски листи[4] – и тоа во, барем за нас, рекорден број општини: ВКУПНО во 54 општини од сите Шест изборни единици + 20 градоначалнички кандидати, или парцијално: во ИЕ1 = 166 кандидати; во ИЕ 2 = 151 кандидат; во ИЕ 3 = 255 кандидати; ИЕ 4 = 178 кандидати; ИЕ 5 = 156 кандидати и ИЕ 6 = 72 кандидата (во следниве општини поименично: Скопје **+** Аеродром + Центар + Карпош + Кисела Вода + Македонски Брод **+** Ѓорче Петров + Гази Баба + Бутел + Чаир + Куманово + Чучер Сандево + Старо Нагоричане **+** Свети Николе + Лозово + Градско + Делчево + Берово + Пехчево + Ранковце + Илинден + Зелениково + Петровец + Кратово + Пробиштип + Виница + Кочани + Чешиново-Облешево + Кочани + Карбинци + Штип + Велес + Македонска Каменица **+** Гевгелија + Богданци + Струмица + Босилово + Радовиш + Кавадарци + Неготино + Росоман + Прилеп + Кривогаштани + Новаци **+** Долнени + Дебрца + Охрид + Кичево + Крушево + Ресен + Битола + Струга + Вевчани **+** Брвеница + Тетово + Гостивар). Всушност, станува збор за група од приближно *илјада луѓе* кои, искористувајќи го своето уставно загарантирано субјективно пасивно избирачко право (лат. *ius suffragii*),[5] доброволно се нашле на нашите кандидатски листи и потпишале неотповиклива *Изјава за прифаќање на кандидатура*, или ТОЧНО 978 кандидати низ цела Македонија![6]

---

[3] „'**Изборен процес**' е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, Градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот“ [чл. 2, ст. 1, т. 21 од *Изборниот законик* (2006)] + „'Учесник во изборна кампања' е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања“ [чл. 2, ст. 1, т. 14 од ИЗ].

[4] „'**Кандидат**' е државјанин на Република Македонија утврден од надлежната изборна комисија во согласност со овој законик, за кој ќе се гласа на избори“ [чл. 2, ст. 1, т. 6 од ИЗ].

[5] „**Избирачкото право** е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање“ [чл. 22, ст. 2 од УРМ] + „ Секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции“ [чл. 23 од УРМ].

[6] „Граѓаните на Република С. Македонија се **еднакви во слободите и правата** независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“ [чл. 9 од УРМ].

Доказ 8: *Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје бр. 09-4408/1* (9.08.2025) – донесено и потпишано од спикерот Африм Гаши

Доказ 9: *Решение за упис во ЦР со деловоден број 30120250079407* (29.08.2025) и обезбедување нов ЕМБС и ЕДБ

Доказ 10: *Тековна состојба за вистински сопственици на субјект бр. 2005-50/175020250006857* (2.09.2025)

Доказ 11: *Тековна состојба за ПП Левица за Локални избори бр. 0805-50/150020250332187* (9.09.2025)

Доказ 12: *Картичка за платежна сметка за во денари за правно лице* – Жиро с-ка: 300000005350944, Комерцијална банка АД

Доказ 13: *Потврда за отворена платежна сметка во денари бр. 12-530-44141/1* (3.09.2025)

Доказ 14: *Потврда од ДИК за депонирани документи во оригинал бр. 11-2081/2* (5.09.2025)

Доказ 15: Поединечни *Решенија на ОИК за потврдување на сите 20 кандидати за градоначалници*, издадени на Образец бр. 6б (со различни архивски броеви, датуми и персонални состави на комисиите) – да се прибават ex officio од ДИК [доставен пример за увид од ОИК Гевгелија бр. 11-26/4]

Доказ 16: *Решенија на ОИК за потврдување на сите 54 кандидатски листи за советници*, издадени на Образец бр. 6в (со различни архивски броеви, датуми и персонални состави на комисиите) – да се прибават ex officio од ДИК [доставен пример за увид од ОИК Гевгелија бр. 11-27/3]

Доказ 17: *Поднесените кандидатски листи* од страна на ПП Левица – поединечно до сите ОИК на ниво на Македонија

Доказ 18: Ажуриран и верифициран *Список од Републичкиот изборен штаб* (РИШ) на Левица за потврдени кандидатски листи низ општините ширум Македонија [поделен по Изборни единици]

*

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070|ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

Но одеднаш, на ден 26 септември 2025 година (петок), ден пред викенд и само два дена пред официјалниот почеток на изборната кампања,[7] од страна на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст скратено: АВМУ) е донесено контроверзно, небулозно, мошне скандалозно и крајно дискриминаторско ***Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025*** *бр. 01-4137/1* (скратено: Упатство) со кое САМО НА НАС, како признаен учесник на изборите, со веќе стекнати права – ни се ускратува уставното и законски загарантирано право на еднаков третман и на соодветно, правично и пропорционално **платено политичко рекламирање** (скр. ППР)[8] на сите пишани и електронски медиуми [весници + национални, регионални и локални телевизии и радија] + интернет портали и билборди!?

Доказ 19: *Упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025 бр. 01-4137/1* (26.09.2025)

Како валидизирана опозициона парламентарна политичка партија со свој признат правен статус и со своја пратеничка група во Собранието на РМ, која има **оправдан правен интерес** во случајов, а притоа штитејќи го и поширокиот јавен интерес (лат. *utilitas publica*), преку оваа Претставка реагираме по повод ова илегално, неморално, недозволиво и неприфатливо *Упатство на АВМУ* а propos произволното, паушално и противправно толкување и извитоперување на смислата и духот на законските одредби од *Изборниот законик* (2006) – и тоа во следново:

***Точката 3*** од предметното досега невидено и нечуено *Упатство* е нотορно ПРОТИВУСТАВНА, ПРОТИВЗАКОНИТА И ДИСКРИМИНИРАЧКА, особено во алинеите 1 и 2:

- „Во максимум 4-те минути наменети да **двете** најголеми политички партии од позицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ (Коалиција Твоја Македонија) и на политичка партија Движење БЕСА (Коалиција ВЛЕН);
- „Во максимум 4-те минути наменети да **двете** најголеми политички партии од опозицијата, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на политичката партија СДСМ (Коалиција за Локални избори 2025) и на политичка партија ДУИ (Национална алијанса за интеграција – НАИ)“ [зат. цит]!?

Симптоматично е зошто членовите на Советот на АВМУ (избрани пред некој месец токму од страна на актуелното владејачко мнозинство) инсистираат да се акцентира и се држат како слеп за

[7] „’**Изборна кампања**’ е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори“ [чл. 2, ст. 1, т. 13 од *Изборниот законик* (2006)].

[8] „**’Платено политичко рекламирање**’ е директен пристап на учесниците во изборната кампања до избирачите, преку кој за паричен надоместок се промовираат изборните програми, ставови и кандидати. Видови на платено политичко рекламирање се огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на учесниците во изборната кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на учесниците во изборната кампања“ [чл. 2, ст. 1, т. 26 од ИЗ].

стап за зборчето „ДВЕТЕ“, а притоа го игнорираат контекстот на реченицата и контумационо и злонамерно ги игнорираат претходните термини номотехнички употребени во Законикот: „НАЈМНОГУ“ и „МОЖЕ“!? Оти ако се чита целосниот текст на ***членот 75-ѓ, ст. 1*** од *Изборниот законик*,[9] и ако се примени не буквалистичко граматичко-позитивистичко толкување, туку **јуристичко-телеолошко толкување** (од грч. *thelos* = цел) на цитираната одредба in praxis, ќе се дојде до несомнен јуриспруденцијален, луциден и разборит заклучок дека ЦЕЛТА на законот е да ги опфати и покрие СИТЕ регистрирани партии без исклучок кои се јавуваат во улога на „учесници“ во веќе започнатиот изборниот процес (значи и парламентарни и вонпарламентарни), за тие да можат да добијат соодветни и пропорционални државни финансии за ППР кои им следуваат, а притоа најмногу да добијат двете најголеми (но, не и сè)!!!

Значи, овој пакет треба да се дели ПРОПОРЦИОНАЛНО на постоечките застапени субјекти во парламентот! Тоа, in concreto, би било делење во **соодност 1:2:3**, што во случајов би значело: во првиот *пакет за власта* од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ, 80 секунди му припаѓаат на ВЛЕН, а 40 секунди му припаѓаат на ЗНАМ; во вториот *пакет за опозицијата* од вкупно 240 секунди, 120 секунди му припаѓаат на СДСМ, 80 секунди му припаѓаат на ДУИ, а 40 секунди и припаѓаат на ЛЕВИЦА!

Со други зборови, двете партии МОЖЕ (но не мора) да добијат сè, оти некогаш плус може да се појават и ***други дополнителни политички субјекти*** во реалноста: три, четири или пет... партии со свои пратенички групи (од најмалку пет пратеника, колку што бара собранискиот Деловник)! Ова од причина што **законот мора да се прилагоди на реалноста, а не обратно**! Оттука, сосем е извесно дека pro futuro можеби во реалноста ќе се појави и трет, четврт или петти субјект (во власта и/или во опозицијата) – како што во случајов сега е со Движењето ЗНАМ и ПП Левица, кои имаат своја пратеничка група со по шест пратеника in concreto и кои, по сила на закон (лат. *ex lege*) ќе мора да се вбројат во првиот и во вториот рекламен „пакет“, оти нема каде на друго место, затоа што останатите два пакета се резервирани за други категории партии – „парламенарни без пратеничка група“ и „вонпарламентарни“.

---

[9] „За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови **МОЖАТ да одвојат НАЈМНОГУ** четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор; за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на РМ освоиле најмногу гласови **МОЖАТ да одвојат НАЈМНОГУ** четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор, за политичките партии во Собранието на РМ кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на РМ или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор“ [чл. 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ]!

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070|ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

Со ваквата недозволива формулација на одредбата од спорното Упатство не се опфатени политичките партии кои што освоиле доволен број на пратеници за да формираат пратеничка група, како што е случајот со ПП Левица, која има 6 (шест) пратеници во Собранието!? Со тоа, на груб и дрзок начин се врши ***директна дикриминиција***[10] ***на ПП Левица*** како политичка партија која што има доволен број на пратеници за да формира пратеничка група, а исто така и и се нанесува материјална штета во значителен обем, бидејќи ПП Левица е изземена од ППР и со тоа и е ускратено правото на ППР кое и е гарантирано и по закон и следува!

Со ускратувањето на правото на ППР на политичките партии кои што освоиле доволен број на пратеници за да формираат пратеничка група се прави **директна штета на Левица**, затоа што истата нема да биде застапена во медиумскиот простор за време на целата изборна кампања, од почеток до крај, и нема да може државата да и ги признае и плаќа фактурите за да учествува во платеното политичко рекламирање,[11] што има дирекно влијание на исходот од гласањето на *Локалните избори 2025*, освоените гласови, како и освоените градоначалнички и советнички места во советите на општините и Градот Скопје, но и на пристапот до средствата утврдени во државниот Буџет наменети за ППР.

Со ваквата ригидна, небулозна, своеволна и драконски рестриктивна правна интерпретација направен е досега невиден скандал и прв преседан во историјата на независна и плуралистичка Македонија – па така, за прв пат на една легална регистрирана и парламентарна партија ефективно (преку испуштање да се спомене, небаре е непостоечка) и е ЗАБРАНЕТО ДА СЕ РЕКЛАМИРА дури и со свои пари!!! Ова е еклатантен облик на директна ***политичка дискриминација***[12] и **повреда на еднаквоста и рамноправноста**![13] За ова, ако не се превенира на време од Ваша страна (преку тврдоглавото, малициозно и тенденциозно инсистирање на ваква неприфатлива и противуставна

[10] „**Дискриминација** е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“ [чл. 6 од ЗСЗД].

[11] „Учесниците во изборната кампања имаат **право на рамноправен пристап и под еднакви услови** да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето“ [чл. 70, ст. 2 од ИЗ] + „Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за платеното политичко рекламирање во текот на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, сметано на секои 12 часа емитувана програма, вклучувајќи го и бесплатното политичко претставување на учесниците во изборната кампања“ [чл. 75, ст. 3 од ИЗ].

[12] „**Директна дискриминација** постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“ [чл. 8, ст. 1 од ЗСЗД].

[13] „**Ограничувањето на слободите и правата** не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба“ [чл. 54, ст. 3 од УРМ].

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070|ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

формулација од страна на некредибилната ААВМУ), предвидуваме дека државата Р. Македонија ќе изгуби пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур при Советот на Европа.[14]

Кога ќе се земе предвид сумата за која на овој начин Левица е материјално оштетена, станува збор за финансиски износ во значителни размери, што го поткопува кредибилитетот на целокупниот изборен процес и истиот го прави илегален и противуставен, оти „***политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори***“ [чл. 8, ст. 1, ал. 5 од *Уставот на РМ*] се темелна вредност на уставниот поредок на Републиката! Во едно демократско општество, изборите се фер само тогаш кога СИТЕ политички партии имаат еднаква можност да допрат до граѓаните со своите пораки, идеи и програми. Рекламирањето преку медиумите е клучен начин преку кој значаен дел од граѓаните добиваат информации за тоа што нуди секоја партија. Кога власта, преку јавните органи, **незаконски забранува на опозициска партија да се рекламира** (не и доделува средства, а од сопствени не смееш!?), тоа значи дека на политичарите и кандидатите за градоначалници и за советници од Левица им се ускратува елементарното право на политичко дејствување, со спречување / банирање / канселирање / ЗАБРАНА тие да припарат до приватниот медиумски сектор и да им објаснат на граѓаните што предлагаат и за што, всушност, се залагаат.[15]

Argumentum a fortiori, со донесеното Упатство – кое, патем речено, не е официјално објавено и публикувано во „Службен весник на РМ“, онакак како што налага Уставот (лат. *ex constitutionis*)[16] – пријавениот јавен орган извршил невидена и недозволива политичка дискриминација кон ПП Левица, позната по своето остро опозициско делување која во неколку наврати го има повикувано директорот на АВМУ Зоран Трајчевски на седници за пратенички прашања (вршејќи политичка контрола врз неговата несовесна работа), при што ја ЦЕНЗУРАЛ и ѝ нанел директна штета, со тоашто преку „креативно толкување“ на членот 75-ѓ, став 1 ефективно и практично ја оневозможил од медиумско претставување за време на Локалните избори 2025 година и за чија сметка овозможил **фаворизација на останатите политички субјекти**, односно ги привилегирал тие да остварат поголеми права отколку што реално им следува!

[14] „Сите се **еднакви пред законот** и имаат право, без каква било дискриминација, на еднаква заштита на законот. На сите им припаѓа еднаква заштита од каква и да е дискриминација, што е во спротивност на оваа Декларација и од какво и да е поттикнување на таква дискриминација“ [чл. 7 од *Универзалната декларација за правата на човекот* на Обединетите Нации].

„Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди **без никаква дискриминација** заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус“ [чл. 14 од *Европската конвенција за човекови права* на СЕ].

[15] „(1) Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. (2) Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, **јавното информирање** и слободното основање на институции за јавно информирање.(3) Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации... (7) **Цензурата е забранета**“ [чл. 16 од УРМ]!

[16] „Законите и другите прописи **се објавуваат пред да влезат во сила**. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на РСМ“ најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување“ [чл. 52 од УРМ].

Со ова, сметаме дека ова досега невидено и нечуено постапување е спротивно на следниве законски одредби, стипулирани во ***Законот за спречување и заштита од дискриминација*** (2020), како матичен lex specialis за оваа правна проблематика – особено во Делот I: *Општи одредби* и Делот II: *Облици и видови на дискриминација*:

а) **чл. 5 од ЗСЗД:**
Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

б) **чл. 6 од ЗСЗД:**
Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

б) **чл. 8 од ЗСЗД:**
(1) Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.
(2) Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица – освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

* * *

Поради сето погоре наведено, ја поднесуваме оваа оправдана и детаљно правно елаборирана и аргументирана писмена Претставка, бидејќи – имајќи ја предвид горенаведената фактичка состојба – несомнено произлегува дека, во конкретниот случај, се врши ноторна и флагрантна политичка дискриминација на нашите кандидати за градоначалници и општински советници. Имајќи го предвид сите горенаведените околности, факти и материјални писмени докази – БАРАМЕ:

1. Веднаш да биде спроведена **постапка за спречување и заштита од дискриминација** против пријавениот јавен орган, со цел: (1) да се спречи противзаконско

**Политичка партија ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1; Општина Центар – 1000 Скопје
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
ЕДБ: 4044016512070|ЕМБС: 7108192
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/375-729

оневозможување и кратење на политичките дејствувања на подносителот на претставката; и (2) да се овозможи доследно споредведување на темелните вредности на уставниот поредок и принципите на парламентарната демократија;

2. Да ги преземете сите законски дејствија и, по утврдената фактичка состојба, да донесете **соодветни управни акти, мислења и препораки** до Советот на АВМУ за измени во донесеното *Упатство за радиодифузерите за Локалните избори за 2025 година бр.01-4137/1* (26.09.2025) со цел обезбедување еднаков пристап до платено политичко рекламирање за сите субјекти со пратенички групи, со што би се придонело за отстранување на повредата на правото и спречување на непочитувања и дискриминаторски постапувања спротивни на Уставот и законите; и конечно

3. Одлуката на Комисијата, благовремено во законски предвидениот рок, да ни биде **писмено доставена**, како би можеле да ги употребиме и преостанатите правни средства кои ни стојат на располагање, а по потреба и случајов медиумски да го експонираме во јавноста.

## II
## П О С Е Б Н О  Б А Р А Њ Е

### 1. Барање за вмешување во спорот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ“ (лат. *Amicus curiae*) – по чл. 21, ст. 1, т. 19 од ЗСЗД[17]

Бидејќи државната Комисија за спречување и заштита од дискриминација (скр. КСЗД), по сила на закон, е самостоен и независен јавен орган со својство на правно лице, кој работи во согласност со надлежностите утврдени со посебниот *Закон за спречување и заштита од дискриминација* (2020) – ја информираме Комисијата дека веќе имаме поднесено *Тужба за заштита од дискриминација во јавен интерес* (т.н. *Actio popularis*) до стварно и местно надлежниот **Основен граѓански суд - Скопје**. Оттука, од Вас – како експертско тело кое поседува доволно компетенции од оваа област и стручност за прашањата поврзани со антидискриминација, изрично БАРАМЕ да донесете одлука со која ВЕДНАШ и без одлагање ќе ***се замешате во овој судски спор***, како „**Пријател на судот**“ (лат. *amicus curiae*), за што досега имало вакви судски преседани во нашата домашна судска пракса – искористувајќи ја на тој начин законски предвидената можност од цитираниот член 21, ст. 1, т. 19 на ЗСЗД, како матичен и примарен lex specialis за оваа сензитивна и специфична правна материја.

---

[17] „Надлежности на Комисијата: ... - на барање на странката или по сопствена иницијатива може да поднесе барање судот да му овозможи да дејствува како **пријател на судот** (*amicus curiae*)“ [чл. 21, ст. 1, т. 19 од ЗСЗД].

Доказ 20: *Тужба за заштита од дискриминација во јавен интерес – т.н. Actio popularis*, поднесена од полномошник-адвокат Катерина Јовановска (со приемен штембил од ОГС од ден 29.09.2025)

Доказ 21: *Годишен извештај за работата на КСЗД за 2024 година* – стр. 42-44

***П о д н о с и т е л:***
ПП ЛЕВИЦА

**Застапник по закон / Овластено лице:**
*проф. д-р **Димитар Апасиев** – претседател*

________________________________

С к о п ј е
1.X.2025